ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 075
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија

До: ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг

Дата: 05.07.2012
13-12379/1

**Предмет: Препорака**

Во периодот декември 2011 – јуни 2012 беше реализиран проектот **„Изработка на студија за политика за сигурност на ИТ системот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија“**.

Целта на овој проект беше да се подготви Фондот за здравствено осигурување на Македонија за воведување на Систем за управување со информациска сигурност во согласност со стандардот ИСО 27001. За таа цел требаше да се спроведат анализа на моменталната состојба на ФЗОМ во поглед на информациска сигурност и да се дефинираат стратегија и акциски план за воведување на систем за управување со безбедност на информации според ИСО 27001:2005 стандардот.

Реализацијата на проектот беше доделена на Трајковски & Партнери Консалтинг, пред се затоа што ги исполнија барањата дефинирани во тендерската документација, а дополнително заради нивното долгогодишно искуство во имплементација и работење според ИСО стандардите и во областа на безбедност на информации.

Главни резултати кои беа испорачани како дел од овој проект беа:

- Дефиниција на опсег на Систем за управување со информациска сигурност
- Извештај од ГАП анализа и оценка на подготвеноста за воведување на ИСО 27001:2005, апликативноста на контролите и степенот на нивно имплементирање, со препораки за воведување на систем за управување со информациска сигурност
- Извештај од анализа на постоечката методологија за управување со ризик на ФЗОМ
- Методологија за идентификација и предлог класификација на информациски средства
- Методологија за управување со ризици според ИСО 27005 и обрасци за проценка на ризици
- Образец на План за третман на ризици
- Акционен план за имплементација на Систем за управување со информациска сигурност
- Прирачник за управување со информациска сигурност
- Подготвителен тренинг за ФЗОМ проектниот тим потребен за запознавање со ИСО 27001 и оценка на ризици

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 075
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Соработката на ФЗОМ со Трајковски & Партнери Консалтинг во рамките на овој проект беше на високо професионално ниво. Континуираната соработка на проектните тимови на ФЗОМ и Т&П Консалтинг резултираше со испорака на квалитетни и навремени резултати. Консултантскиот тим на Трајковски & Партнери Консалтинг демонстрираше врвна професионалност, посветеност, одговорност и креативност во реализацијата на проектот. Во текот на реализацијата на проектот Трајковски & Партнери покрај извршување на своите договорни обврски посветија значително внимание на трансфер на знаење и зајакнување на капацитетите на проектниот тим на ФЗОМ.

Затоа во име на ФЗОМ тимот кој работеше на проектот изразуваме задоволство од соработката со консултантскиот тим на Трајковски & Партнери.

Изработил: Александар Јовановски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Директор на сектор информатика
Гоце Гаврилов